There are no translations available.

На мое огромно задоволство, денеска во градоначалничкиот кабинет извршив прием и се задржав во краток разговор со ученици и нивните ментори од сите училишта кои функционираат на територијата на општина Неготино, а кои на разни натпреварувања оствариле резултати за почит и со тоа придонесле за лична и афирмација на своите училишта, како и афирмација на општина Неготино. На учениците кои освоиле први места на државни натпревари од Буџетот на општина Неготино им беа доделени по 5,000 денари, на второпласираните по 4.000, а за освоено трето место по 3.000 денари, додека нивните ментори добија по 3.000 денари. Учениците на генерацијата во неготинските училишта беа наградени со по 5.000 денари. Им честитав на нивните остварувања и им посакав уште подобри резултати на натпреварувањата во иднина.





